FOSTER
INCLUSION OF FOREIGNERS IN THE WESTERN BALKANS
ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS

This project is funded by the European Union



# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ДОМУВАЊЕ И ДРУГИ УСЛУГИ ЗА СТРАНЦИТЕ ВО СКОПЈЕ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

ОДС
ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL

FOSTER
INCLUSION OF FOREIGNERS IN THE WESTERN BALKANS
ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS

This project is funded by the European Union

Организација за домување и станари - ОДС е Здружение на граѓани кое работи на унапредување на домувањето, животните услови и правата на станарите во Македонија. ОДС спроведува анализи на состојбите, статусот и правата на станарите и домувањето, изработува стручни мислења, нуди решенија за унапредување на правната рамка и надминување на проблемите со кои се соочуваат станарите во Македонија. ОДС спроведува програми и активности за подигнување на свесноста за правата на достоинствено и пристапно домување за сите граѓани и презентира разни глобални иновации од светот во однос на домувањето. ОДС се залага за подигнување на јавната свест и знаење за станарите како специфична форма на домување и се стреми да влијае врз актуелните текови за позитивни општествени промени Оваа публикација е во рамки на проектот „Пат до инклузија: домување и права“ кој е поддржан од иницијативата FOSTER. FOSTER е заедничка акција на Балканскиот совет за бегалци и миграција (BRMC) и Данскиот совет за бегалци и работи на заштита и промовирање на основните права на странците во Западен Балкан. Проектот е поддржан од EU Европската Унија.

Наслов на оргинал: Анализа на политиките за домување и други услуги за странците во Скопје со препораки за локалните самоуправи во град скопје

Издавач: Здружение за унапредување на домувањето, животните услови и правата на станари Организација за домување и станари ОДС

Адреса: Ул. Чедомир Миндеровиќ 41, 1000Скопје

Емаил: hto.info.contact@gmail.com

Веб страна: www.hto.org.mk

Подготвил: Александар Софронијоски
Емилија Дуковски

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот: Инклузија на странците во Западен Балкан – пристап до социјални и економски права (ФОСТЕР). Нејзината содржина е единствена одговорност на Организација за домување и станари и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија и Балканскиот совет за бегалци и миграција (БРМЦ).

– ФОСТЕР

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

ОДС ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL

# СОДРЖИНА

1. Вовед 04

2. Законска рамка 06

3. Институционални теренски посети 12

3.1 ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ ВО ГАЗИ БАБА – СКОПЈЕ 12

3.2 ЈУ ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, ВИЗБЕГОВО – СКОПЈЕ 14

3.3 МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ 16

3.4 ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ 18

4. Надлежности на локалната самоуправа во Град Скопје во однос на странците 20

5. Јавни политики на интеграција на странците во Република Северна Македонија 22

6. Препораки 24

# Вовед

Република Северна Македонија нема предолга традиција на имиграција на странци во земјата. Од независноста во 1991 година па се до денес, најголем број на странци кои доаѓаат во Република Северна Македонија и живеат на нејзината територија се странци од земјите од регионот. Во последните неколку години бројот на странци повеќекратно се зголеми и тоа пред се како резултат на инвестициите во индустриските зони, но и на развојот на приватните образовни институции кои од година во година привлекуваат голем број на странци кои студираат во Република Северна Македонија.

Важно да се потенцира е тоа што значително е пораснат бројот на странци со одобрен престој по основ на школување или студирање. Овој раст е условен од зголемениот интерес, пред се на турските државјани за студирање во Република Северна Македонија, а кореспондира со прилагодувањето на студиските програми на неколку универзитети во Република Северна Македонија на потребите за создавање на кадар за странските пазари на труд и изведување на настава на мајчин јазик на студентите.

Во Република Северна Македонија живеат 7244 странци во 30 градови. Поголемиот број на странци се со привремен престој - 90.2 %, додека 9.8% се со постојан престој, а од нив најголемиот број на странци 3852 лица (или 50%) живеат во Скопје, а најмалку во Демир Хисар каде живеат 4 странци[1].

Странците во Република Северна Македонија не ретко се соочуваат со потешкотии и проблеми во различни сфери во текот на нивното функционирање, особено во делот на остварувањето на нивните основни права, како што се правото на престој, правото на соодветно домување, правото на работа на територијата на Република Северна Македонија и други права.

Овие предизвици со кои се соочуваат странците се должат пред се на предолгите и комплицирани бирократски процедури од страна на локалните и централните власти, нерегулираноста на пазарот со недвижности во Република Северна Македонија и се почестата појава на злоупотреба на странците од локалното население во различни форми на дискриминација и гледање на можност за дополнителен профит во услови кога странецот не може лесно да се справи со државните лавиринти поради јазичната бариера и несоодветната покриеност на преведувачи во државните институции.

За потребите на оваа анализа се со цел да се добијат посеопфатни податоци и информации, беа направени повеќе методолошки операции за да се пристапи до странци кои се со постојан или привремен престој во Република Северна Македонија. Комуникацијата со странците се спроведуваше преку директни телефонски интервјуа или интервјуа реализирани преку on-line апликација, интревјуа направени со фокус групи од странци – студенти од различни универзитети во Република Северна Македонија, преку теренска посета на Прифатниот центар за странци во Гази Баба и Прифатниот центар за баратели на азил, Визбегово – Скопје, каде преку разговори со менаџментот на овие две институции и непосредна средба со различни категории на странци кои се сместени во овие институции, беа донесени неколку заклучоци важни за условите во кои престојуваат и домуваат овие лица во објектите на овие институции.

[1] Информации добиени од страна на Државниот завод за статистика преку барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од месец јуни 2024 година.

Преку директна комуникација со надлежни административни службеници кои работат во единиците на локалната самоуправа и Министерството за внатрешни работи, непосредно добивме информации за предвизивиците со кои се соочуваат надлежните органи во различните процеси на регулирање на престојот на странците, како и со начинот на кој овие институции постапуваат во ситуација на поднесени жалби од страна на странците во доменот на домувањето или кога им се загрозени други права важни за нормално функционирање на странците на територијата на Република Северна Македонија.

**Целта на ова истражување е да се направи преглед и сеопфатна анализа на политиките на домување и остварувањето на други права на странците во Република Северна Македонија, преку статистички преглед на различни категории на странци кои се со повремен или постојан престој, преку анализа на законите и другите документи кои го регулираат процесот на домување и интеграција на странците на национално и локално ниво.**

Притоа, овој документ ќе ги таргетира странците со регулиран привремен и постојан престој како и странците кои се баратели на азил и лица без државјанство.



# ЗАКОНСКА РАМКА

Република Северна Македонија има релативно солидна законска и правна рамка за регулирање на легалните и илегалните миграциони движења, а во последниот период се реализираа и повеќе активности и процеси за унапредување и надоградување на постојната легислатива во повеќе области и нејзино усогласување со директивите и регулативите на Европската Унија.




Многу важен стратешки документ од оваа област е **Резолуцијата за миграциска политика** на Република Северна Македонија која ја донесува Собранието на Република Северна Македонија по предлог на Владата на Република Северна Македонија. Овој документ, меѓудругото, има за цел воспоставување на правна рамка во областа на миграциите и правата кои ги имаат странците, како и посеопфатна усогласена регулатива со правната рамка на Европската Унија.

Оваа резолуција детално ги анализира и укажува на состојбите на политиките на миграција, предизвиците и мерките кои треба да се преземат за да се подобрат условите за миграција на странците, а особено ги опфаќа аспектите на надворешните миграции, односно легалната миграција, потоа илегалните миграции, како и азилот и заштитата на бегалците.

Како базичен закон кој детално и широко ги регулираа релациите помеѓу странците, од една страна, и Република Северна Македонија, од друга страна, е релативно новиот Закон за странци кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 97 од 2018 година, а трите негови измени се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/2019, 294/2021 и 284/2023 година.

Во Законот за странци[2] е дадена дефиниција на терминот странец каде што е наведено дека „**странец е лице кое не е државјанин на Република Северна Македонија и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за свој државјанин**".

Понатаму во Закон за странци регулирани се обврските на странците, правниот статус на странците за време на престојот[3], како и различните околности и состојби во кој странците кои престојуваат во Република Северна Македонија уживааат одредени права.

[2]Закон за странци („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/2018, 108/2019, 294/2021 и 284/2023 година, член 2 став 1.
[3]Привремен престој е престој кој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во Република Северна Македонија согласно со овој закон; Постојан престој е престој кој му се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Северна Македонија врз основа на одобрен привремен престој, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Важно да се истакне е дека новиот Закон за странци предвидува одредби за подобрување на положбата на странците во однос на постапката за добивање на дозвола за привремен и постојан престој, а измените во Законот за вработување на странци особено придонесе за олеснета постапка за добивање на работни дозволи за странци. На овој начин легислативата на Европската Унија (Директивите и Регулативите), која се однесува на државјаните на трети земји, е во голем дел веќе транспонирана во нашето национално законодавство.

Особено важно да се подвлече во овој домен е забележаниот напредок на Министерството за внатрешни работи во однос на воспоставувањето и развојот на новата централна база на податоци за странци. Оваа интегрирана база за странци која опфаќа азил, виза и миграции претставува софистициран систем кој овозможува креирање на статистика за миграциите согласно европските стандарди. Ваквата база овозможува ефикасно пребарување и увид во историјатот на движењето на странецот во Република Северна Македонија, а воедно се штеди време и ресурси во однос на комуникацијата меѓу институциите.

Ваквата сеопфатна соработка Министерството за внатрешни работи најголем дел од активностите во оваа област ги извршува во комуникација со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Државниот завод за статистика, Министерството за образование и наука, Министерството за економија, судовите и казнено – поправните установи, која соработка континуирано се проширува и продлабочува.

Во однос на подзаконската регулатива особено важен исчекор се постигна со донесувањето на подзаконските акти, како што се: Правилникот за патни и други исправи на странец[4], каде на детален начин се пропишуваат[5] многу важни прашања од оваа област, Правилникот за куќниот ред за прифатниот центар за странци[6] и Правилникот за странци[7], каде исто така се пропишуваат[8] многу важни прашања поврзани со постапките за начинот на одобрување и одбивање на влез за странците.

Многу важен документ од правната регулатива во Република Северна Македонија од оваа област е и Стратегијата за интеграција за бегалците и странците 2017-2027 година кој документ е донесен од страна на Министерството за труд и социјална политика[9].

Оваа стратегија се однесува на повеќе категории на странци, и тоа на лицата со признаен статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита, лица баратели на азил, како корисници на мерки за рана интеграција, како и на странците со регулиран престој во Република Северна Македонија со претходно одобрение од страна на надлежни органи[10].

[4] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/2020
[5] Начинот на издавање на патни и други исправи на странец, начинот на пријавување на исчезнати, изгубени, украдени или друго отуѓување на патни и други исправи на странец, формата и содржината на образецот на патната и на друга исправа на странец, како и на образецот на барањето за нивно издавање и, начинот на водење на евиденција и користење на податоците од евиденцијата за издадени патни и други исправи на странци
[6] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 93/2020
[7] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/2019
[8] Начинот на одобрување и одбивање на влез, одобрување и продолжување на привремен престој и одобрување на постојан престој, откажување и одземање на престој, враќање, протерување и отстранување на странец, пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште на странец, како и за начинот на водење и користење на податоците од евиденциите од членот 194 став (1) од Законот за странци
[9] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B1%D0%B5%D0%B3%D0%B0%D0%BB%D1%86%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%80%202017.pdf
[10] „Дозвола за престој“ е секое одобрение издадено од надлежен орган на Република Северна Македонија со кое му се дозволува на странецот законски да престојува на нејзината територија

Стратегијата првично се однесува на бегалците и барателите на азил за да се обезбеди нивна рана интеграција веднаш по нивно доаѓање. Важно е да се подвлече дека домувањето и соодветното сместување зазема значаен дел во предвидените политики во оваа стратегија. Имено, во неа се става акцент на тоа дека соодветното сместување е од витално значење и е пресуден фактор за унапредување на интеграцијата на бегалските семејства и севкупно гледано, домувањето останува најсложена и најприоритетна потреба на овие странци и е клучен столб за одржлива локална интеграција.

Понатаму Законот за меѓународна и привремена заштита[11] е особено значан од причина што во членот 69 од овој закон се наведува дека на лицето со статус на бегалец од страна на Министерството за труд и социјална политика му се обезбедува сместување, преку давање соодветен стан на користење или на парична помош потребна за обезбедување простории за сместување, до обезбедување на средства за својата егзистенција во период не повеќе од две години по добивање на статусот на бегалец, а доколку лицето активно учествува во процесот на интеграција, овој период може да биде продолжен согласно со програмата за интеграција.

Освен овој закон еден од најважните документи од областа на домувањето на барателите на азил и бегалците кои ја третира ова проблематика е и Правилникот за стандардите за прифат на барателите на право на азил[12] кој е донесен согласно членот 61 став 2 од Законот за меѓународна и привремена заштита.

Во овој правилник е наведено дека стандарди за прифат на лица баратели на право на азил во Република Северна Македонија може да обезбеди јавна установа или овластен давател на социјална услуга, кој ги исполнува стандардите за прифат на баратели на азил.



[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 64/2018
[12] „Службен весник на Република Македонија“ број 64/2018

Давателот на услуга согласно овој правилник ги обезбедува следниве стандарди за прифат на барателите на правото на азил:

- прием, престој и сместување;
- информирање и советување;
- храна и други непрехранбени производи
- здравствени услуги;
- услуги од социјална заштита;
- психо-социјална поддршка;
- правна помош и
- рекреативни услуги.

Во однос на просторните услови јасно е дефинирано дека објектот за прифат на баратели на азил треба да е составен од: простории за спиење (спални соби), заеднички простории (дневна просторија, трпезарија, соба за консултации, училница), санитарно-хигиенски простории, административни и економско-технички простории (кујна).

Министерството за труд и социјлна политика секоја година донесува Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил, каде што со оваа програма се врши олеснување на процесот на интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија. Меѓудругите, процесот на интеграција ги опфаќа активностите и мерките кои треба да се реализираат во областите на: домување и сместување, вработување и стручно усовршување, здравствено осигурување, образование, социјална заштита, ангажираност во заедницата.

Во делот на домувањето, паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект на месечна основа за 2024 година изнесува:

за самец до 8.000,00 денари за месечна закупнина

за семејство од два до четири членови до 10.000,00 денари за месечна закупнина

за семејство од пет и повеќе членови до 12.000,00 денари за месечна закупнина

# ПРАВОТО НА ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ



Согласно Законот за странци престојот на странците во Република Северна Македонија може да биде краткорочен престој, привремен престој и постојан престој[13].

За **краткорочниот престој** се смета престој на странец со виза или без виза, односно тоа е престој на странец во земјата најмногу 90 дена во кој било период од 180 дена, а кој период му претходи на секој ден на престојот во Република Северна Македонија[14]. Од нашите анализи преку контакти со Министерството за внатрешни работи во периодот од 2020 до 2023 година на територијата на Република Северна Македонија престојувале околу 2.754.875 странци, од кои најголем дел престојувале од туристички причини или повеќе од 70%, а околу 10% поради деловни причини. Останатите 20% се поради присуство на семинари, конгреси, спортски културни или уметнички настани и друго.



Согласно Законот за странци, на странец кој поради различни причини има намера да престојува во Република Северна Македонија подолго од три месеци (90 дена) мора да го регулира **привремениот престој**[15].

Согласно Законот за странци, Секторот за гранични работи и миграција може да издаде дозвола за привремен престој на странец по следните основи: заради работа, школување или студирање, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, волонтирање, научно-истражувачка дејност, лекување, сместување или згрижување во установи за стари лица, семејно обединување или хуманитарни причини, странец кој е член на потесното семејство на државјанин на Република Северна Македонија, странец кој по потекло е од Република Северна Македонија, дете на странец родено во Република Северна Македонија и странец резидент на држава членка на Европската Унија или на ОЕЦД, кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата за Република Северна Македонија под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра.



Соглсно анализата направена на годишниот извештај на Министерството за внатрешни работи за 2022 година[16] во делот на издадени дозволи за привремен престој може да се забележи следното:

Бројот на издадени дозволи за привремен престој на странски државјани бележи намалување за 10% во споредба со 2021 година. Издадени се дозволи за привремен престој на вкупно 5.619 странски државјани, од кои најчеси се оние дозволи кои се издадени по основ на работа 2.071, потоа по основ на странец кој е член на потесно семејство на државјанин на Република Северна Македонија издадени се 1.545 дозволи и по основ на школување или студирање издадени се 1.151 дозволи.

[13]Закон за странци, член 2
[14]Закон за странци, член 2 став 1 точка 9
[15]Закон за странци, член 2 став 1 точка 10
[14]https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_2022_%D0%9C%D0%92%D0%A0.pdf



Анализирајќи ги податоците по државјанство, најголем број од дозволите се издадени на турски државјани-2.140, најчесто заради работа издадени се 1.086, школување или студирање издадени се 805 дозволи и поради семејно обединување 157 дозволи. Во топ три држави спаѓаат и државјаните на Косово со издадени 946 дозволи и државјаните на Република Албанија со издадени 595 дозволи, од кои најчесто дозволи за привремен престој им се издадени поради член на потесно семејство, работа или семејно обединување.

Согласно Законот за странци, постојан престој[17] е престој кој му се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Северна Македонија врз основа на одобрен привремен престој, доколку со овој закон поинаку не е определено.



Странецот со одобрен постојан престој во Република Северна Македонија ги има истите права како и државјаните на Република Северна Македонија, и тоа[18]:

- престој без временско ограничување,
- пристап до вработување или вршење на самостојна дејност,
- пристап до образование и професионална обука, вклучувајќи и студирање,
- признавање на дипломи, сертификати и други квалификации,
- социјална заштита и социјална помош,
- даночни бенефиции,
- пристап кон стоки и услуги и набавки на стоки и услуги достапни за јавноста,
- слобода на здружување и членување во одредена организација на работници или работодавачи или организации чии членови се вклучени врз основа на одредени занимања и
- слободен пристап на целата територија на Република Северна Македонија, освен на подрачја на кои движењето е забрането или ограничено заради заштита на безбедноста или одбраната на Република Северна Македонија.



Според податоците кои се добиени во комуникација со Министерството за внатрешни работи, во периодот од 2020 до 2023 година најмногу дозволи за постојан престој на странци се издадени во Скопје-356, Тетово-18, Гостивар-10, Струмица-12, Струга-14 и Гевгелија-8 дозволи.

Во однос на домувањето на странците во Република Северна Македонија, во однос на престој и во однос на склучување на договори за закуп важат одредбите од Законот за домувањето[19].

[17] Закон за странци, член 2 став 1 точка 11
[18] Закон за странци, член 133
[19] „Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 98/10, 127/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18, 302/20, 150/22

# ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕРЕНСКИ ПОСЕТИ

## ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ ВО ГАЗИ БАБА – СКОПЈЕ

Согласно законските одредби, Прифатниот центар за странци во Гази Баба е формиран и функционира согласно Законот за странци[20] и е наменет за привремено задржување на странци во случаи кога се исполнети условите содржани во одредбите на Законот за странци, односно за сместување на странци кои не можат да се одстранат од територијата на Република Северна Македонија во рок од 24 часа, од кои било причини, па се сместуваат во него во период од неколку дена, додека се овозможат услови да бидат одстранети од државата.

За потребите на оваа анализа, тим од двајца експерти (правник и социјален работник) беа на терен во посета на Прифатниот центар за странци во Гази Баба и во разговор со менаџментот на оваа државна установа беше заклучено дека во овој центар најчесто се задржуваат странци без документи, и тоа најчесто сезонски работници на кои им е истечена дозволата за работа/престој, потоа значителен е и бројот на странци кои работат како забавувачи во угостителски објекти кои се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија без пријавен престој, потоа лица – странци кои од различни причини се затекнати на територијата на Република Северна Македонија без документи за лична идентификација и други категории на странци без документи. Бројот на лица сместени во овој центар секојдневно варира,  а во моментот на посетата на експертите во оваа установа беа сместени 14 лица од кои седум машки лица, четири женски лица и три деца.

**Прифатниот центар за странци во Гази Баба претставува објект од затворен тип и е единствена установа во која се сместуваат странски државјани, а која установа е во надлежност на Министерството за внатрешни работи.**



[20]Закон за странци, член 159

Основната цел на посетата на тимот на експерти во оваа установа беше преку непосредна комуникација со менаџментот и лицата сместени во истата да се испитаат неколку околности важни за нашата анализа, како што се:

- просторните  услови за сместување и задржување на странците,
- начинот на постапувањето на вработените службени лица во установата со странците и
- разгледување на другите помошни простории при домувањето на странците сместени во оваа установа (работни простории и други помошни простории како кујна, тоалети и слично).

Како главни наоди од посетата на тимот експерти беше заклучено следното:

Примарната здравствена заштита во установата се обезбедува преку надворешен лекар кој доаѓа трипати неделно и се грижи за здравствената состојба на лицата сместени во Центарот,

Генералните услови во кои престојуваат странците се без значителни социјално-едукативни активности,

Во центарот има неколу невладини организации кои го помагаат неговото функционирање со поддршка во храна, облека, но и правна помош,

Сместувачките услови и капацитети се коректни, а хигиената во собите за престој и спиење е на задоволувачко ниво,

Во однос на исхраната, се констатираше дека истата е коректна, на странците им се дава свежо овошје и зеленчук, како и намирници самите да си подготват оброци во кујните.

Како најголем предизвик од тимот на експерти беше детектирано тоа што странците кои се стационирани во оваа установа се изложени на посебна ранливост по нивното ментално и општо физичко здравје заради недостатокот од точни информации околу должината на нивниот престој во установата.

# ЈУ ПРИФАТЕН ЦЕНТАР ЗА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, ВИЗБЕГОВО– СКОПЈЕ

Јавната установа за сместување на лица баратели на азил „Прифатен центар за баратели на азил", Визбегово – Скопје почна со својата работа од 05.06.2008 година.

**Оваа установа за сместување лица баратели на азил е установа единствена од ваков вид, чијашто основна цел е сместување и згрижување на баратели за азил.**

Дејноста на установата подразбира прифаќање, сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги во согласност со минимум стандарди за прифаќање на барателите на азил, утврдени со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Сместувачкиот капацитет на Прифатниот центар за баратели на азил изнесува 150 легла. Центарот вклучува три објекти од кои едниот е управна зграда во која се сместени канцелариите на персоналот вработен во установата од страна на Министерството за труд и социјална политика, канцелариите на Министерството на внатрешни работи, канцеларијата на УНХЦР и канцелариите на повеќе невладини организации.

Останатите два објекта се наменети за сместување на барателите на азил од кои едниот објект е со капацитет за сместување на 110 баратели на азил и во него се предвидени четири простории за дневен престој и 26 спални соби, додека пак другиот објект е со капацитет на сместување на 40 баратели на азил, и во него се предвидени две простории за дневен престој и 10 спални соби. Прифатниот центар вклучува посебно сместување на семејни групи (вклучително и самохрани родители) со деца под 18 годишна возраст и семејства во кои некои од децата се над 18 години, некои под 18 години возраст (начелото е семејните групи да не се одвојуваат), сместување на неженети мажи, сместување на немажени жени, сместување за хендикепирани лица, сместување за лица со пречки во менталниот развој и сместување за малолетници. Во однос на здравствената заштитана на барателите на азил во прифатниот центар изградена е амбуланта во која ординира доктор два пати во неделата и медицинска сестра која кординира три пати во неделата.



Други активности што им стојат на располагање на барателите на азил се вежбалница, заеднички простории во кои има можност за играње мал фудбал, како и терени за спортски активности во дворот на Центарот. Присутен е преведувач од арапски и фарси јазик и има 24-часовно присуство на чувар во објектот. Влезната порта се отвора строго по потреба за вработените лица во Центарот или надворешни партнери.

За потребите на оваа анализа тим од двајца експерти (правник и социјален работник) беа на терен во посета на Јавната установа Прифатен центар за баратели на азил, Визбегово – Скопје, каде што се реализира еден сеопфатен разговор со управителот на оваа установа се со цел да се добијат информации поврзани со условите за домување на лицата кои се времено сместени во овој обејкт, како и за други прашања важни за престојот на барателите на азил во оваа установа.

Од податоците кои се добија се утврди дека во Прифатниот центар за баратели на азил, од неговото формирање до денес, се згрижени повеќе од 7000 баратели на азил, од кои најголемиот дел на баратели на азил се од Авганистан, Сирија, Палестина, Пакистан и Сомалија.

Генаралната статистика е во просек барателите на азил во Прифатниот центар биле сместени и се задржале околу еден месец, со тоа што најголемиот број баратели на азил, односно околу 70% останале помалку од 10 дена, од кои повеќе од половина заминале во рок од три дена.

Во моментот на теренската посета од експертскиот тим во Прифатниот центар за баратели на азил сместени се вкупно 44 баратели на азил од кои: 16 мажи, 13 жени и 15 деца со придружба на старател. По земјата на потекло, најголемиот број на баратели на азил се од Сирија, вкупно 30 братели на азил, останатите баратели на азил се од Ирак –7 баратели на азил, Србија - 4 баратели на азил и од Авганистан, Пакистан и Бугарија по еден барател на азил. Дополнително, согласно Законот за азил и привремена заштита[21], пет малолетни лица без придружба на старател се згрижени на друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика. По земјата на потекло барателите на азил кои се згрижени на друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика се од Авганистан - две лица, Сирија - две лица и Нигерија - едно лице.

Од увидот извршен од страна на експертскиот тим е констатирано следното:

- собите за сместување на баратели на азил се чисти, средени, со организирани легла со чиста и нова постелнина и нови и реновирани санитарни јазли,
- за децата баратели на азил се спроведуваат образовно-едукативно активности од неформален карактер, меѓутоа сепак изостанува законската обврска за формално образование, согласно прописите за основно и средно образование, како што е предвидено во Законот за азил и привремена заштита[22],
- постои недостиг на преведувачи од неколку групи на јазици, како и недостиг на присуство на преведувачи во попладневните и ноќните часови,

[21]Закон за азил и привремена заштита „Службен весник на Република Македонија“ број 49/2003, член 48
[22]Член 48 став 1 алинеја 6 од Законот за азил и привремена заштита

# МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

За целите на нашето истражување се со цел да се добијат податоци и информации за предизвиците со кои се соочуваат странците во Република Северна Македонија во делот на домувањето и остварувањето на други права поврзани со нивниот престој во државата, тим од двајца експерти (правник и социјален работник) беа на терен во посета на Меѓународниот балкански универзитет кој според официјалните статистички податоци на Министерството за образование и наука во последните пет години има запишано најголем број на странски студенти.

Целта на нашата посета беше, преку интерактивна дискусија со две фокус групи составена од по шест странски студенти, подетално да се детектираат позитивните и негативните страни и аспекти со кои се соочуваат овие студенти во процесите на домување, започнувајќи од моментот на барање и избор на стан, па се до моментот на негово одржување, релациите со сопственикот/сопствениците на становите, потенцијалните можности за дискриминација, и.т.н.

Фокус групите од 12 партиципиенти беа составени од 10 студенти мажи и две студентки жени, сите од турска националност. Разговорот се одвиваше на англиски јазик кој течно го говореа девет студенти, а останатите тројца студенти своите одговори ги даваа преку превод кој беше овозможен од страна на нивните колеги-студенти.

На 9ти септември беше одржана дополнителна работилница која беше направена во просториите на Балкански Универзитет со поголема група на студентите и странци кои се вработени во С.Македонија. Учесниците повеќето имаа легален договор за закуп, за кој кажаа дека им е потребен за изготвување на привремена лична карта. Нивните искуства со пристап до соодветно домување во Скопје беа слични со искуствата на претходните групи, но овој пат учесниците имаа неколку препораки кои би сакале да ги пренесат за поодбрување на домувањето за странци:

- Ја искажаа потребата за постоење на систем на добивање на информации за домување за странци кој би бил достапен на неколку јазици
- Еден студент кој доаѓа од Турција имал проблем со агенција за недвижнини поради јазични бариери и комплетно бил игнориран на телефонски повици и емаил
- 4ца студенти споделија дека имале контакти во С.Македонија уште пред да дојдат тука за да избегнат проблеми. За други 5 студенти немале можност да имаат контакти во Македонија и дека потешко им било доаѓањето до информации до становите за сместување и им биле понудувани високи цени
- Останатите учесници споделија дека многу ја сакаат земјата и дека би сакале да останат и работат тука, но проблемите ги имаат повеке со функционирањето на институциите во регулирање на документи



Од исцрпните одговори добиени од страна од странските студенти, од страна на експертскиот тим се донесоа следните залучоци:

- 9 од 12 студенти живеат на територијата на Град Скопје во изнајмени станови кои се наоѓаат во непосредна близина на Меѓународниот балкански универзитет, кој стан го делат со цимер, а од останатите тројца студеденти, двајца студенти живеат во стан сопственост на нивни близок роднина, а еден студент живее заедно со неговото семејство во стан кој е во сопственост на неговиот татко;

- Од студентите кои живеат во изнјамени станови, шест студенти становите ги нашле преку информации добиени од други студенти кои студираат на Меѓународниот балкански универзитет, а тројца студенти своите станови ги нашле преку Агенции за недвижности;

- Седум од девет студенти кои изнајмуваат станови изразија позитивни релации со сопствениците на становите, додека двајца од студентите нотираа дека немаат најсоодветна комуникација со сопственикот на станот во кој престојуваат, од причина што во последната година во неколку наврати закуподавачот им ја зголемува закупнината, а на прашање на експертскиот тим зошто и покрај таквиот однос од страна на закуподавачот на станот останубаат во истиот, студентите одговорија дека не е баш едноставно да се најде добар стан во непосредна близина на Универзитетот, а местоположбата на станот и неговата близина била од пресудно значење за овие двајца студенти и понатаму да останат во истиот стан, иако сопственикот на станот во неколку наврати ја зголемува закупнината на станот и го користи фактот што странските студенти не често се решаваат да го променат местото на престој, а ова секако и од административните процедури кои следуваат за странските студенти во делот на нивното пријавување во надлежните институции и Министерството за внатрешни работи доколку го променат местото на престојување;

- На прашање на тимот на експерти во однос на тоа дали странските студенти добиваат информации од страна на Универзитетот кои се однесуваат на правата кои ги имаат студентите во доменот на домувањето, за одговор се јавија тројца студенти кои објаснија дека на Меѓународниот балкански универзитет нема задолжен вработен или посебна локација каде странските студенти ќе можат да споделат определни проблеми и предизвици со кои би се соочиле за време на нивниот престој, а се однесуваат во делот на домувањето на студентите;

- На прашање од страна на експертскиот тим што би смениле или би сакале да се подобри во Република Северна Македонија во делот на домувањето на странските студнти, двајца од студентите истакнаа дека неколку пати се соочувале со неможноста да се разберат со Агенциите на недвижности, како и со вработени во Министерството за внатрешни работи во однос на административните постапки за регулирање на нивниот престој поради недостаток на вработени во надлежните институциите кои го разбираат турскиот јазик или поради инертноста на самите вработените во овие институции да обезбедат преведувач, а со вакви проблеми студентите особено се соочувале на почетокот на нивното студирање кога воопшто не го познавале македонскиот јазик, а имале и ограничено познавање и од англискиот јазик.

# ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ

Се со цел да се добие појасна и поширока слика во фазата на теренски институционални посети за целите на оваа анализа, експертски тим од двајца експерти (правник и социјален работник) беа на терен и во посета на Европскиот универзитет во Скопје кој според официјалните статистички податоци на Министерството за образование и наука во последните пет години е на второ место со запишани студенти – странци на територијата на Република Северна Македонија.

Во рамките на оваа посета од страна на деканатот на Унивезритетот заради остварување на целите на нашата сеопфатна анализа која се однесува на предизвиците кои се соочуваат странците и странските студенти во делот на домувањето, беа обезбедни шест студенти од катедрата по стоматологија од кои три мажи и три жени.

Заради поголема интеракција и размена на искуства од страна на експертскиот тим беше реализиран разговор со фокус групата формирана од погореспоменатите шест студенти.

Фокус групата беше составена од:

- една жена студентка со потекло од Турција која живее под закуп заедно со нејзиното целокупно семејство во стан кој се наоѓа во населбата „Капиштец“ во централното градско подрачје,
- една жена студентка со потекло од Палестина која живее со цимерка во населбата Чаир,
- една жена студенка со потекло од Турција, која има мајка која е со потекло од Република Северна Македонија, поточно од Гостивар и која живее со нејзината мајка во стан во Гостивар сопственост на нејзината мајка и секојдневно патува на релација Гостивар – Скопје и обратно,
- еден студент маж со потекло од Јордан кој живее во општина Чаир и станот го дели со цимер,
- еден студент маж со потекло од Турција кој живее во стан под кирија со цимер во централното градско подрачје и

еден студент маж со потекло од Турција кој живее сам во стан под кирија во централното градско подрачје.



Генералната оценка од страна на експертскиот тим на вака формирана мешана фокус група беше тоа дека студентите од женска популација беа пократки и поскромни во давањето на одговорите на поставените прашања во споредба со мажите кои даваа посодржајни одговори со споделување на примери и свои ставови за некои од поставените прашања.

Од одговорите на учесниците во фокус групата од страна на експертскиот тим се донесоа следните заклучоци:

- Студентите на Европскиот универзитет во Скопје немаат никаква логистичка поддршка од страна на уУниверзитетот во делот на детектирање на стан за престој и домување, ниту пак се информирани за нивните права и обврски во сферата на домувањето;

- Кај двајца од студентите кои живеат по кирија од нивните одговори можеше да се донесе истиот заклучок дека во моментот на комуницирање со соодветната Агенција за недвижности од страна на вработените во агенцијата, јасно се гледало дека сакаат да ја искористат ситуацијата и можноста тоа што баратели на стан се странски државјани и на тој начин да ја покачат киријата и да направат екстра приход;

- Тројца од студентите, двајца мажи и една жена, го споделија истиот став дека се потешко се наоѓа добар стан за нормална цена, а особено имајќи го предвид фактот дека закуподавачите кога ќе разберат дека се работи за странци како баратели на станот не само што не сакаат да преговараат за намалување на цената  на станот кој го нудат по закуп, туку напротив често ја покачуваат цената со образложение дека странските студенти не се сигурни во времетраењето на нивниот престој и дека може во секој момент да ја напуштат државата;

- Еден студент сподели искуство дека од страна на сопственикот на станот не му бил вратен депозитот даден како капар со образложение дека станот претрпел непостоечки штети и дека тие пари требало да се искористат за корекција на истите, искористувајќи го фактот дека студентот е странски државјанин и дека мала е веројатноста истиот да води судски процес за да ја докаже неговата правда;

- Студентот од Јордан сподели случка во која се нашол поради непознавањето на мекедонскиот јазик, имено во периодот на КОРОНА кризата, за време кога беше воспоставен полициски час, тој без да ја разбере информацијата на македонски јазик која била јавно објавена на телевизија и во другите медиуми, излегол од својот дом да купи нешто за јадење, бил застанат и приведен од страна на полициски службеници и однесен во полициска станица без да му биде соопштено на нему разбирлив јазик за причините за неговото приведување, а на крај од целата голгота на англиски јазик му било кажано дека имал среќа што не бил задржан подолг временски период и дека нема што тој да бара да му се преведе на неговиот јазик, туку дека тој бил должен да си ги следи информациите кои се споделуваат на македонски јазик и сам да си ги преведува.

# НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПАРАВА ВО ГРАД СКОПЈЕ ВО ОДНОС НА СТРАНЦИТЕ

Општините самостојно, во рамките на своите законски надлежности, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со закон и се одговорни за нивното исполнување . Општините, во рамките на Законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Општината согласно своите надлежности е должна на локално ниво да се грижи за фукнционирањето во повеќе области како урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина и природата, како и да се грижи за локалниот и економскиот развој. Меѓутоа, меѓудругото, општината е должна и да воспостави функционален систем за заштита и остварување на правата на своите граѓани, но воедно, системот треба да покажува грижа и за странците кои живеат во општината.

Од друга страна, странецот е должен да ги почитува законските обврски за време на неговиот престој и навремено да ги подмирува своите финансиски обврски кон државата и општината како даноции, такси итн.

Преку комуникацијата која е воспоставена со општините во град Скопје и со градот Скопје како посебна локална единица, општиот заклучок е дека општините не водат евиденции за странците кои престојуваат во општината.

Проблемот се јавува поради фактот што нема законска одредба која им налага на општините да водат регистар и евиденција за странците кои престојуваат на подрачјето на нивната општина, односно праксата покажува дека општините не располагаат со податоци за бројот на странци кои престојуваат на нивното подрачје, односно оставено е на добра волја на самите општини дали да водат евиденција по однос на ова прашање или не.

Согласно позитивното право во Република Северна Македонија неспорен е фактот дека прашањата кои се поврзани со престојот на странците во Република Северна Македонија се во надлежност на Одделот за гранични работи и миграции во рамките на Министерството за внатрешни работи и на инспекторатите за странци и реадмисија и граничните премини во состав на четирите Регионални центри за гранични работи.

Оттука, странецот кој престојува на територијата на Република Северна Македонија има обврска редовно да се пријавува и да ја продолжува својата дозвола за привремен или постојан престој во согласност член 190 од Законот за странци[25]. Сметаме дека по регулирање на престојот на странецот, сепак потребно е да се воспостават мерки за полесно вклучување и интеграција на странецот во општината во која пријавил живелиште. За да се започне со овој процес на интеграција на странецот во општината, од особена важност е првично општината да води регистер на странци кои престојуваат на нејзиното подрачје.

Дополнително, како едни од позначајните законски надлежности кои ги имаат општините согласно Законот за локалната самоуправа се и организацијата и уредувањето на образованието, економските планови и активности, социјалната заштита и локалниот економски развој на општината. Сепак според нашата анализа од достапните податоци на интернет и директната комуникација со вработени во општините во град Скопје и градот Скопје како посебна единица, за ниту една од мерките локалните власти немаат предвидено активности во кои ќе бидат вклучени странците заради олеснување на нивната комуникација со локалното население, запознавање со локалните политики,

[25]1) Правните и физичките лица кои им даваат услуги на сместување на странците со наплата се должни да го пријават престојот на странецот на Министерството за внатрешни работи во рок од 12 часа од часот на давањето на услугата.
(2) Други лица кај кои странците престојуваат се должни да го пријават престојот на странецот во рок од 48 часа од часот на доаѓањето на странецот.
(3) Странецот кој не ги користи услугите од ставовите (1) и (2) на овој член, е должен самиот да го пријави своето престојувалиште на Министерството за внатрешни работи во рок од 48 часа од часот на преминувањето на државната граница, односно во рок од 48 часа да ја пријави промената на адресата на станот во местото на престојувалиштето.
(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се однесуваат на странец кој во Република Северна Македонија краткорочно престојува.

обичаи и култура и полесна интеграција на странците во државата, а посебно изостануваат активности кои ќе им олеснат на странците на полесен начин да го решат прашањето на домувањето. На веб страниците на општините во град Скопје не се пронајдени стратегии и акциски планови преку кои се олеснува интеграцијата на странците во самата општина и преку кои се промовира учеството на странците во локалните програми и политики, а посебно во политиките на домувањето кои се во исклучителна надлежност на општините.

Согласно наведеното, може да се заклучи дека општините во град Скопје и градот Скопје не поседуваат информации за бројот на странци со постојан и привремен престој кои живеат во општината и секогаш административните службеници кои работат во општините упатуваат на надлежност на Секторот за странци во Министерството за внатрешни работи, како единствено тело кое е надлежно да води евиденција по ова прашање.

За крај може да се истакне дека скопските општини како најголеми општини на територијата на Република Северна Македонија кои имаат најголем број на странци на нивното подрачје, немаат усвоено стратегии и политики преку кои би ги вклучиле странците при планирањето на нивните активности и мерки на локално ниво, а особено не постои никаква стратегија која би ги третирала прашањата поврзани за престојот на странците на нивното подрачје и прашањата поврзани со домувањето. Актуелната ситуација покажува дека странците во скопските општини се оставени сами на себе во справување на секојдневните предизвици за нивно успешно интегрирање во државата.



# ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА СТРАНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија со усвојувањето на Резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025 година воспостави нов правец во надминување на предизвиците во однос на миграциските политики од повеќе аспекти.

Целта на Резолуцијата е да се создадат институционални и други предуслови за развој на одржлива и сеопфатна рамка за управување со регуларните и нерегуларните надворешни миграции и да се унапреди развојот во земјата. Резолуцијата вклучува пет стратешки области: Рамка за поддршка; Сигурни и релевантни податоци за надворешни миграции; Управување со редовните миграции; Контрола и управување со нерегуларните миграции и Градење партнерства и меѓународна соработка и голем број стратешки цели.

Оваа резолуција ги прикажува и релевантните аспекти за следење и оценување на напредокот во спроведувањето на мерките и активностите од миграциската политика, финансирањето, информирањето на јавноста за целите и резултатите од миграциската политика, како и за можните предизвици при нејзиното спроведување. Во Акцискиот план за миграциската политика на Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, мерките и активностите се идентификувани врз основа на секоја од стратешките области и конкретните стратешки цели коишто треба да обезбедат ефикасно управување со миграциските процеси.

**Како важен аспект во Резолуцијата е наведено дека интеграцијата на странците преставува процес кој треба да се одвива во три фази[27]:**

Во првата фаза, односно периодот по пристигнување на странците, државата да им овозможи на странците вклучување во постојниот систем на национална заштита кој се однесува на пристап до услуги од здравствената заштита и до образовниот систем

Во втората фаза, која треба да се третира како развојна, целта е да се стави акцент на поддршката за развивање на самостојноста кај странците во насока на задоволување на нивните потреби за домување, вработување, како и стручно доосподобување и усовршување,

Третата фаза се однесува на процесот на натурализација, односно добивање на постојан престој во државата или добивање на државјанство со што им се овозможува целосна интеграција во новото општество.

[27]Резолуцијата на Миграциската политика на РСМ 2021-2025 година Стр.50-51

Во однос на првата фаза, значајно е да се напомене дека овој процес до одреден степен е уреден во постоечките законски решенија на Законот за социјалната заштита[28], Законот за здравствената заштита[29] и Законот за основното образование[30]. Иако голем дел од правата на социјална заштита на странците се загарантирани со погоре спомenатите закони, сепак спроведувањето на законските одредби во пракса не е секогаш најефективно.

Во однос на втората фаза посебно во делот на домувањето и престојувањето на странците, Република Северна Македонија  има широко поле за работа со креирање на јавни политики преку измени и дополнувања на поголем број на законски и подзаконски акти, се со цел да се избегнат комплицираните административни процедури во надлежните јавни институции и да се воспостави повисоко ниво на заштита од злоупотреби и дискриминација на странците во фазата на домувањето.



[28]„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/2019,146/2019,275/2019, 302/2020, 312/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 273/2022 и 65/2023
[29]„Службен весник на Република Македонија“ број 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 101/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 93/2017, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 20/2019, 101/2019, 153/2019, 180/2019, 295/2019, 97/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 30/2024 и 74/2024
[30]„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/2019 и 229/2020

# ПРЕПОРАКИ

Генералниот заклучок од нашата сеопфатна анализа која траеше околу три месеци, а се однесува на потребите за домување за странци во Скопје со анализа и на политиките кои се практикуваат од локалните власти и надлежните институции од централната власт, е дека во последните 10 години иако има значајно подобрување во оваа област, сепак има огромен простор за подобрување во функционирањето на институциите и локалните власти. Методолошките процеси за потребите на оваа анализа се спроведуваа во неколку правци, како што се анализа на законската и подзаконскта регулатива во Република Северна Македонија, анализа на меѓународни документи и акти кои ги третираат прашањата за правата на странците, теренски посети на установи во кои се сместуваат странци без документи по различни основи, теренски посети на вискообразовни институции на територијата на Република Северна Македонија каде преку непосреден разговор со странските студенти се добија важни информации за актуелните состојби во делот на домувањето и предизвиците со кои се соочуваат овие странци и различен тип на комуникација со повеќе институции од локалната и централната власт се со цел да се добијат корисни и важни информации од терен за да може да се направи детално истражување и анализа, согласно кое се предлагаат следните препораки:

Во Прифатниот центар за странци во Гази Баба иако во последните 10 години се преземени повеќе градежни активности во насока на подобрување на сместувањето и сместувачките капацитети во Центарот, сепак остана впечатокот дека со дополнителни мали инвестиции може да се подобрат условите за престој, особено делот кој претставува тераса која е со површина од околу 150 м2 (која во моментот на посетата не беше во функција) и која доколку се прилагоди и реновира може да претставува добро место за релаксирање и слободни активности на странците, а која инвестиција според менаџментот на установата не би изнесувала повеќе од 10.000,00 евра.

Со оглед дека менаџментот од Прифатниот центар за странци во Гази Баба укажа дека во установата немаат вработено лице социолог и психолог, од тука се јавува потребата за итно вработување на тројца административни службеници (двајца социјални работници и еден псохолог), кои почесто ќе спроведуваат разговор со странците се со цел да им се олесни престојот и домувањето во установата во која се задржани од причина што задржувањето влијае врз појавата на разни депривации кај лицата.

Со оглед дека  експертскиот тим доби информација од менаџерскиот тим во Прифатниот центар за странци во Гази Баба дека една од главните поплаки на задржаните лица е недостатокот на информации во однос на времетраењето и задржувањето на странците, наша препорака во овој дел е да се направат поголеми напори од страна на вработените во Центарот, задржаните лица да бидат навремено известени на јазикот на којшто го разбираат за причините за лишување од слобода и задржување, како и за времетраењето на задржувањето.

Во  Јавната установа за сместување на лица баратели на азил Прифатен центар за баратели на азил, Визбегово – Скопје, од страна на Минисерството за труд и социјална политика да се направат напори да се обезбедат услови за спроведување на формално образование согласно прописите за основно и средно образование, како што е предвидено во Законот за азил и привремена заштита

Во  Јавната установа за сместување на лица баратели на азил Прифатен центар за баратели на азил, Визбегово – Скопје, се со цел да се реализира посоодветна комуникација со странците – баратели на азил, да се обезбедат преведувачи од повеќе групи на јазици, како и да се обезбедат преведувачи кои би биле достапни за Центарот и во попладневните и во ноќните часови.

Во однос на високообразовните институции во Република Северна Македонија во кои се запишуваат поголем број на странски студенти, потребно е менаџментот на овие универзитети, со цел да го олесни процесот на детектирање на стан и остварување на правата и обврските кои ги имаат странските суденти спрема надлежните институции во фазата на регулирање на нивниот престој, на лесно разбирлив начин и на повеќе јазици да изработи брошури и прирачници кои ќе бидат лесно достапни за странските студенти. Понатаму, од страна на универзитетите може да се направи соработка со неколку високо професионални агенции за недвижности се со цел да се олесни процесот на барање и закупување на стан за домување на странските студенти, со што би се намалил ризикот од евентуална злоупотреба или дискриминација од страна на сопствениците на становите кон истите.

Од страна на високообразовните институции во Република Северна Македонија во кои се запишуваат поголем број на странски студенти може да се разгледа можноста од страна на униврзитетите да се номинира лице (правник) кој ќе има улога на логистичка поддршка на странските студенти во процесите на нивно склучување на договорите за закуп со закуподавачите, како и во процесите за пријавувањето на престојот на овие студенти во Министерството за внатрешни работи, како и за сите други правни прашања и проблеми кои би произлегле за времето на престојот на странските студенти во Република Северна Македонија.

Од причина што на официјалните веб страници на општините во градот Скопје и градот Скопје како посебна единица, не може да се најдат податоци кои се од интерес за странците што живеат во нивните подрачја и поради тоа странците немаат пристап до релевантни и точни информации за регулирање на нивниот престој, домувањето, образованието, вработување, условите за стекнување на имот и други права и од причина што сите информации се на македонски јазик и неговото кирилско писмо, потребно е општините да го регулираат оваа прашање на начин што ќе обезбедат повеќе информации на нивните официјани веб страници поврзни за домувањето (да се направи дата база на високо професионални агенции за недвижности на подрачјето на нивната општина), административните постапки за регулирање на престој на странец, вработување и друго и овие релевантни информации да бидат достапни на повеќе јазици за полесна информираност на странците кои домуваат на подрачјето на соодветната општина.

- Законот за локалната самоуправа да се дополни со одредби со кои на јасен начин ќе се определи надлежноста на општините во врска со политиките кои ги вклучуваат и странците со живеалиште на нивните подрачја.

- Да се воспостави поблиска комуникација и соработка по службена должност помеѓу Министерството за внатрешни работи - Секторот за странци и општините во градот Скопје се со цел за да се избегне целосна централизација и општините да оперираат со порелевантни податоци за странците кои престојуваат и домуваат на нивното подрачје.

- Централните власти, конкретно Министерството за внатрешни работи, на својата веб страница, на видлив и јасен начин да криера соодветна соодржина (со можност истата да биде преведена на што поголем број на јазици), од која содржина странците би ги добивале потребните корисни информации по пристигнувањето во државата.

- Потребно е Република Северна Македонија на национално ниво да донесе посебна стратегија, акциски план или друг документ преку кои ќе се таргетираат специфичните потреби на странците со привремен и постојан престој, посебно за подобрување на нивните права во сферата на домувањето, вработувањето и друго.

- При изготвување на новата Резолуција за миграции на Република Северна Македонија која ќе го опфати периодот од 2025-2029 година, да се овозможи вклучување на стручната јавност, како и невладините организации кои би дале значаен придонес за подобрување на овој значаен стратешки документ за странците во повеќе сегменти.

FOSTER
INCLUSION OF FOREIGNERS IN THE WESTERN BALKANS
ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS

This project is funded by the European Union

Организација за домување и станари - ОДС е Здружение на граѓани кое работи на унапредување на домувањето, животните услови и правата на станарите во Македонија. ОДС спроведува анализи на состојбите, статусот и правата на станарите и домувањето, изработува стручни мислења, нуди решенија за унапредување на правната рамка и надминување на проблемите со кои се соочуваат станарите во Македонија. ОДС спроведува програми и активности за подигнување на свесноста за правата на достоинствено и пристапно домување за сите граѓани и презентира разни глобални иновации од светот во однос на домувањето. ОДС се залага за подигнување на јавната свест и знаење за станарите како специфична форма на домување и се стреми да влијае врз актуелните текови за позитивни општествени промени Оваа публикација е во рамки на проектот „Пат до инклузија: домување и права" кој е поддржан од иницијативата FOSTER. FOSTER е заедничка акција на Балканскиот совет за бегалци и миграција (BRMC) и Данскиот совет за бегалци и работи на заштита и промовирање на основните права на странците во Западен Балкан. Проектот е поддржан од EU Европската Унија.

Наслов на оргинал: Анализа на политиките за домување и други услуги за странците во Скопје со препораки за локалните самоуправи во град скопје

Издавач: Здружение за унапредување на домувањето, животните услови и правата на станари Организација за домување и станари ОДС

Адреса: Ул. Чедомир Миндеровиќ 41, 1000Скопје

Емаил: hto.info.contact@gmail.com

Веб страна: www.hto.org.mk

Подготвил: Александар Софронијоски
Емилија Дуковски

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот: Инклузија на странците во Западен Балкан – пристап до социјални и економски права (ФОСТЕР). Нејзината содржина е единствена одговорност на Организација за домување и станари и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија и Балканскиот совет за бегалци и миграција (БРМЦ).

– ФОСТЕР

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

ОДС ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL

# АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ДОМУВАЊЕ И ДРУГИ УСЛУГИ ЗА СТРАНЦИТЕ ВО СКОПЈЕ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

